**Влада на Република Северна Македонија**

Скопје, 19 ноември 2024 година
Бр. 41-9985/8

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија", кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 19 ноември 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија

проф. д-р Христијан Мицкоски

Подготвил: м-р Љубомир Кукоски, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брнарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и

проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:

Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и

Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии

Предлог на закон
за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, по скратена постапка

Скопје, ноември 2024 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

За финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија" согласно Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија", кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.288/21), на 22.12.2021 година склучени се следните договори:

- за обезбедување на заем во износ од 28.900.000 евра склучен е Финансиски договор меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост и Европската инвестициона банка,

- Договор за гаранција Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската инвестициона банка и

- за обезбедување на грант средства во износ од 12,4 милиони евра од инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан - ВБИФ, склучен е Договор за грант меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, Европската инвестициона банка и Секретаријатот за европски прашања (сегашно Министерство за европски прашања).

На 1.7.2022 година, склучена е Спогодба за статусна промена-спојување на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост и Акционерското друштво ГА-МА Скопје со основање на ново друштво-корисник по што се преземени останатите дејствија согласно Законот за трговските друштва кои се потребни за да се спроведе постапката.

Владата на Република Северна Македонија во својство на собрание на акционери на НЕР АД Скопје и во својство на собрание на акционери на ГА-МА АД Скопје на седница, одржана на 14.12.2022 година, ги донесе одлуките за потврдување на Спогодбата за спојување согласно член 528 од Законот за трговските друштва, го донесе Статутот на новото друштво-корисник НОМАГАС АД Скопје, како и потребните одлуки, извештаи и изјави согласно одредбите за симултано основање на акционерско друштво.

На 30.12.2022 година, извршен е упис на статусната промена во Трговскиот регистар. Новото друштво-корисник кое што е настанато со спојувањето е со назив: Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост (скратен назив: НОМАГАС АД Скопје).

Поради горенаведената промена на правниот статус, потребно е да се пристапи кон одредени измени на Финансискиот договор, Договорот за гаранција и Договорот за грант, а следствено на тоа и измени на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на

проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.288/21).

Европската инвестициона банка (ЕИБ) достави нацрт текст на Амандманот бр.1 на Финансискиот договор, нацрт текст на Амандманот бр.1 на Договорот за гаранција и нацрт текст на Амандман бр.1 на Договорот за грант, кои беа предмет на усогласување и преговори. Финалните текстови на амандманите, се усогласени на 5.9.2024 година.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на закон за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предуслов за склучување на Амандман бр.1 на Финансискиот договор, Амандман бр.1 на Договорот за гаранција и Амандман бр.1 на Договорот за грант е усвојување на Законот за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, од страна на Собранието на Република Северна Македонија и негово објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Склучувањето на амандманите со Европската инвестициона банка согласно Предлогот на закон за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, не предизвикува дополнителни фискални импликации.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог на закон.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на закон за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост

Член 1

Во Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 288/21), во насловот зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост“ се заменуваат со зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост“.

Член 2

Во членот 1 зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост“ се заменуваат со зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост“.

Член 3

Во членот 2 зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост“ се заменуваат со зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост“.

Член 4

Во членот 3 зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост“ се заменуваат со зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост“.

Член 5

Во членот 5 зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост“ се заменуваат со зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост“.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со овој Предлог на закон се прават промени во насловот и членовите 1, 2, 3 и 5 од Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија", кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 288/21).

Имено, со членот 1 од Предлогот на закон, во насловот на Законот за гаранција зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост" се заменуваат со зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост".

Со членот 2 од Предлогот на закон, во членот 1 од Законот за гаранција зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост" се заменуваат со зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост".

Со членот 3 од Предлогот на закон, во членот 2 од Законот за гаранција зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост" се заменуваат со зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост".

Со членот 4 од Предлогот на закон, во членот 3 од Законот за гаранција зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост" се заменуваат со зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост".

Со членот 5 од Предлогот на закон, во членот 5 од Законот за гаранција зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост" се заменуваат со зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост".

Со членот 6 од Предлогот на закон, се уредува влегувањето во сила на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се направени со цел обезбедување целосно и успешно завршување на градежните активности на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија".

## III. ПРИДОБИВКИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Склучувањето на Амандманот бр.1 на Финансискиот договор, Амандман бр.1 на Договорот за гаранција и Амандман бр.1 на Договорот за грант со ЕИБ ќе овозможи средствата обезбедени од Европската инвестициона банка и од Инвестициска рамка за Западен Балкан - ВБИФ, да бидат достапни за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија".

Текст на одредби од законот што се менуваат

Член 1

Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, во износ од 28.900.000 евра, доколку Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, не ги исполнува и сервисира обврските од Финансискиот договор.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот се утврдуваат со Финансискиот договор од членот 1 од овој закон, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“.

Член 3

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Финансискиот договор од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе ги намирува Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Финансискиот договор од членот 1 од овој закон.

Член 4

Заемот од членот 1 од овој закон може да се повлекува во најмногу 10 транши. Минималниот износ на траншата изнесува 3.000.000 евра.

Рокот за отплата на секоја транша од заемот, може да изнесува од четири години до 25 години од датумот на повлекување на траншата, со вклучен грејс период кој може да биде меѓу 30 дена и пет години од датумот на повлекување на траншата.

Во рамки на погоре наведените лимити за секоја транша поединечно се утврдуваат конкретните услови, вклучувајќи ја и каматната стапка.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Финансискиот договор од членот 1 од овој закон и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, ќе склучат посебен договор.